**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Врз основа на член 78 од Законот за Јавното обвинителство на Република Северна македонија ("Службен весник на РСМ" бр. 42/20), и чл.9 ст.1 т.13 од Законот за Советот на Јавните обвинители на Република Северна Македонија ("Службен весник на РСМ" бр. 150/2007 и 42/20) Советот на Јавните обвинители на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30.12.2020 година донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ И ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува издавањето, формата и содржината на образецот и постапка за одземањето на легитимацијата на јавните обвинители и членовите на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

### Член 2

За издадените и одземените легитимации се води евиденција.

Легитимацијата се издава на избран јавен обвинител за време на вршењето на јавно обвинителската функција.

На членовите на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Советот) легитимацијата се издава за време на траењето на нивниот мандат.

Член 3

Со службената легитимација јавниот обвинител и членовите на Советот ги користат посебните права во вршењето на функцијата од чл. 79 од Законот за Јавното обвинителство.

Со службената легитимација јавниот обвинител и членовите на Советот се легитимираат пред сите надлежни органи кога ја обавуваат својата функција.

Член 4

Јавниот обвинител и членот на Советот кој ја изгубил легитимацијата или на друг начин останал без неа, веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена писмено го известува Советот на Јавните обвинители на Република Северна Македонија, во кое ги изнесува причините поради кои останал без службената легитимација, ја огласува за изгубена во Службен весник на РСМ, примерок од огласот доставува до Советот на јавните обвинители на РСМ и со тоа се отвора постапка за издавање на нова легитимација, а за старата легитимација во евиденцијата се става забелешка.

Член 5

Јавниот обвинител и членот на Советот кој престанал со вршењето на функцијата, веднаш ја предава легитимацијата во Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, кој понатаму ја поништува и става забелешка за тоа.

Јавниот обвинител и членот на Советот кој ги исполнил условите за пензионирање ја задржува легитимација, која предходно е поништена од страна на Советот на страна 2 со печат „Поништено".

Член 6

Јавно обвинителската службена легитимација е со големина од 7, 5 x 11, 5см.

Кориците на Јавно обвинителската легитимација од надворешната страна се од кожа, во темно сина боја за Јавните обвинители, а во темно бордо боја за членовите на Советот на Јавните обвинители.

На предната страна во горниот дел се наоѓа

грбот на Република Северна Македонија а под него пишува :

"РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" –

Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија,

Внатрешната страна на кориците е во бела боја.

Првата внатрешна страна ги содржи зборовите :

"Република Северна Македонија"

„Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија"

место за фотографија во боја со големина 2, 5 x 3 см, простор каде што се запишува името и презимето на јавниот обвинител, функцијата и назив на Јавното обвинителство, регистарски број на легитимацијата.

Во горниот лев агол е грбот на Република Северна Македонија, а во горниот десен агол е заштитниот знак мечот на правдата со вага. (Образец бр 1).

На јавно обвинителската легитимација се втиснува печатот од Советот на Јавните обвинители на Република Северна Македонија и потписот на претседателот на Советот или овластено лице.

Втората внатрешна страна на јавно обвинителската легитимација ги содржи следните податоци: матичниот број на Јавниот обвинител, живеалиште, адреса и дата на издавањето.

Над третата внатрешна страна на службената легитимација се наоѓа следниот текст:

„Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија"

Член 7

Обрасците број 1 и 2 се составен дел на овој Правилник.

## II. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престануваат да важат одредбите од Правилникот за образецот и постапката за издавање и одземање на службените легитимации на јавните обвинители и членовите на Советот на јавните обвинители ("Службен весник на РСМ"бр. 150/2007), донесен на 23.12.2008 година.

Член 9

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.01-158/2
Скопје. 30.12.2020 година

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Колевски**